Република Северна Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor
dhe Planifikimit Hapësinor

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR
DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 02-5073/1
04-12-2020 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ“ бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/2019 и 110/2019), во согласност со член 6 и 14 од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/2005; 81/2005; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 48/2010; 124/2010; 51/2011; 123/2012; 93/2013; 187/2013; 42/2014; 44/2015; 129/2015; 192/2015; 39/2016 и 99/2018) и Заклучокот од Дваесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија бр. 44-11559/1 одржана на 1 декември 2020 година, министерот за животна средина и просторно планирање на ден 4.12.2020 година донесе

# НАРЕДБА

## Член 1

Се наредува на Центарот за развој на Полошкиот Плански регион преку избраното правно лице „Пелагонија“ АД Гостивар и јавното комунално претпријатие „Комуналец Гостивар“ да започне со реализирање на брзи мерки за санирање на последиците по животната средина од работењето на постојната локација за отстранување на отпадот во Русино, заради спречување на загадувањето на непосредните водотоци кои го загадуваат земјоделското земјиште во околината на општина Гостивар и кое земјиште се користи од страна на локалното население, како и заради овозможување на контролирано депонирање на сите количини отпад кои се создаваат од општините во Полошкиот регион и се носат за депонирање на локацијата во Русино.

## Член 2

Брзите мерки треба да опфатат:
- изградба на систем за третман на исцедокот кој се состои од насип кој ќе спречува влевање на атмосферски води во веќе депонираниот отпад, канал, резервоар и пумпа што ќе го враќа исцедокот во постоечката депонија,


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

- административна куќарка за вработените,
-вага за мерење на возилата кои транспортираат отпад за депонирање и
-делница каде ќе се постави вагата од алинеја 3 на овој член.

Член 3

„Пелагонија“ АД, Гостивар и јавното комунално претпријатие „Комуналец Гостивар“ треба да ги реализираат дефинираните мерки од член 2 на оваа наредба во рок од 3 месеци од датумот на влегување во сила на наредбата.

Член 4

Оваа наредба влегува во сила со денот на потпишувањето.

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
Скопје
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor
Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

МИНИСТЕР
Naser Nuredini


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk